ОКТА
МЕМО

0201- 1448/21-5
27.05.2021

Врз основа на член 25 став 1 точка 2 од Статутот на ОКТА АД – Скопје, а во врска член 487 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на ОКТА АД – Скопје на својата 31-ва седница на Годишното Собрание, одржана на ден 27.05.2021 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**
за одобрување на исплата на дивиденда

**Член 1**
СЕ ОДОБРУВА исплата на дивиденда од акумулираната добивка од претходните години, во вкупен бруто износ од 61.784.280,00 денари (приближно 1.000.000,00 ЕУР) односно дивиденда во бруто износ од 73,00 денари по акција, согласно условите предвидени во Одлуката за утврдување на дивиденден календар.

Дивидендниот календар ќе биде утврден со посебна одлука.

**Член 2**
Акционерите на ОКТА АД – Скопје ќе бидат известени за исплатата на дивидендата преку објава на Одлуката за утврдување на дивиденден календар на интернет страницата на ОКТА и на интернет страницата на Македонската Берза за Хартии од вредност.

**Член 3**
За спроведување на оваа Одлука се задолжува Дирекцијата за финансии и администрација.

**Член 4**
Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Образложение

Согласно финансиските извештаи за 2020 година, ОКТА АД – Скопје има акумулирана добивка во вкупен износ од 1.175.827.946 денари. По покривање на нето загубата остварена во 2020 година согласно соодветната Одлука на Собранието донесена претходно на оваа 31-ва седница, остатокот на акумулирана добивка изнесува 655.246.606 денари. Следствено, имајќи ја предвид применливата законска регулатива и фактичката состојба изложена погоре, се одлучи дел од остатокот на акумулираната добивка во износ од 61.784.280 денари да биде исплатен како дивиденда на акционерите.

Годишно Собрание на Акционери
Претседавач

Рафинерија на нафта ОКТА Скопје 1 Акционерско друштво